

Во речник како дефиниција за спирала стои: „Широко популарен уметнички мотив, кој се состои од крива, која постојано го зголемува дијаметарот." Зборот спирала (свиок) потекнува од грчкиот збор „спеиро", односно латинскиот „спиро" и означува крива којашто безброј пати ротира околу една точка или оска.

Уметноста не познава дефиниции ниту граници. Дипломската работа на

# Спиралата како мотив

## *или свртување кон самиот себеси*

Андреј Митевски го докажува тоа. Тој не се труди да ја редефинира спиралата. Едноставно, тој ја употребува како тема на неговото истражување. Андреј го истражува вечниот проблем на ротацијата на еден систем околу самиот себеси во една точка што не е менлива и неможноста да се побегне од тој навидум отворен, а сепак маѓепсан систем. Андреј покажа дека секое тродимензионално тело, без разлика дали се состои од крива или прекршена линија, може да има свој центар на ротација околу кој се врти исто како и спиралата, градејќи притоа еден маѓепсан систем привидно отворен, а сепак свртен кон самиот себеси (принцип на микрокосмосот со макрокосмосот).

Серијата од 10 успешно изработени скулптури во мермер ја покажуваат вештината што Андреј ја совладал и ја надминал. Тие се круна на неговото школување. Мермерот ја губи масивноста, тој е ослободен од компактноста и цврстината што парчето необработен камен ги имал на почетокот. Скулптурите изгледаат лесно како да се исечени од хартија, се губи осетот за маса и за тежина. Градацијата на формата се совпаѓа со мотивот на спиралата. А вечниот проблем на ротација самиот околу себе останува како филозофско и психолошко прашање. Дали е тоа затвореност во самиот себеси, или, пак, потпирање врз своето јас или прашање на универзумот!? Како сакате.

Како скулптор, Андреј се покажува зрел да почне да се пробива на полето на уметноста.

P.S. Андреј Митевски е роден 1976 година во Скопје. Средното образование го завршува во Училиштето за применета уметност во Скопје, отсек вајарство, 1995 година. Дипломирал во класата на Драган Поповски-Дада како најдобар студент во генерацијата, во учебната 1998/99 година. Учествувал на Прилепската ликовна колонија како полноправен учесник во 1998 и 1999 година.



Фотографии: Н. Пешева

Нада ПЕШЕВА